**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# О Д Л У К А

за именување на член на Надзорен одбор
на Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, Мај 2026 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (Н.О. бр. 44/27.04.2026 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 28.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

За именување на член на Надзорен одбор
на Стопанска банка АД - Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја именува г-ѓа Зорица Божиновска Лазаревска за независен член на Надзорен одбор на Стопанска банка.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 од оваа Одлука е четири (4) години.

3. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Извршниот одбор на Народна банка на Република Северна Македонија за:

- Измените на Статутот на Банката кои се однесуваат на бројот на членови на Надзорниот одбор, и
- Именувањето на членот на Надзорниот одбор наведен во член 1 на оваа Одлука.

С.О.бр.520/2026
28.05.2026
Скопје

Собрание на акционери

Претседавач
Наташа Трпеноска - Тренчевска

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 01

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Законот за банките и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се именуваат од страна на Собранието на акционери. Мандатот на членовите изнесува четири години, определено согласно Статутот на Банката. Најмалку ¼ од членовите на Надзорниот одбор треба да бидат независни членови.

Пред поднесување на предлог за именување на член на Надзорен одбор, Банката спроведува процес на селекција, оценка на соодветност и именување координиран од страна на Одборот за именување и наградување.

Секое именување е предмет на одобрување од страна на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

Во согласност со законската рамка утврдена во Законот за банки, Надзорниот одбор на СБ е составен од 7 членови, од кои 2 се независни членови, а останатите се претставници на акционерите.

Земајќи ги предвид регулаторните барања, Деловниот план на СБ за периодот 2026 -2028, препораките издадени од надворешниот консултант за корпоративно управување (2024), како и препораките на Одборот за корпоративно управување и именување на НБГ Групацијата, Банката идентификуваше можности за понатамошно унапредување и зајакнување на независноста на Надзорниот одбор преку именување на уште еден независен член.

Во таа насока, Одборот за именување и наградување, на седницата одржана на 24 октомври 2025 година, ја донесе одлуката за утврдување на предлог за именување на г-ѓа Зорица Божиновска Лазаревска, која ја извршуваше функцијата независен член на Одборот за ревизија, за член на Надзорниот одбор.

Оценка на соодветноста

Согласно Одлуката на Народна банка за добро корпоративно управување во банка и Политика за оцена на соодветноста на членовите на телата на СБ, пред доставување на предлогот, Одборот за именување и наградување ја оцени соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор. Оценката беше спроведена во согласност со применливата законска рамка и внатрешните политики, со што на ОИН му беше овозможено да ги оцени сите релевантни фактори неопходни за утврдување на соодветноста на кандидатот, како што се:

- Поединечна и колетивна соодветност на кандидатот, земајќи ги предви неговото знаење, вештини и искуство како и неговиот придонес во матрицата за разновидност и вештини на Одборот, обезбедувајчи усогласеност на составот на Одборот со критериумите утврдени со регулаторната рамка и во согласност со стратешките приоритети на Банката.
- Способноста на кандидатот да придонесува конструктивно во работата на Одборот.
- Временската достапност и посветеност на кандидатот.
- Други прашања како потенцијален судир на интереси, репутација, одговорност, усогласеност со прописите.

Во оценката на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор, Одбоорт за именување и наградување ја оцени нејзината стручност, искуство и

индивидуалниот придонес што би го имал кандидатит врз корпоративното управување на Банката. Евалуацијата го утврди следното:

- **Г-ѓа Зорица Божиновска Лазаревска** е високо искусен професионалец со исклучително реномирана кариера во областа на ревизијата, финансискиот надзор и корпоративното управување, со повеќе од три децении професионално искуство кое ги опфаќа академската сфера, јавните надзорни институции и управувањето на ниво на одбори во банкарскиот сектор. Нејзиното обемно искуство во квалитетот на надворешната ревизија, внатрешните контроли и усогласеноста со регулаторните барања ја позиционира како исклучително квалификуван кандидат за независен член на Надзорниот одбор.

  Таа има стекнато долгогодишно искуство во корпоративното управување во рамки на Стопанска банка, преку извршување на функцијата претседател (2008–2012) и член (2020 – 2025) на Одборот за ревизија. Преку овие улоги, таа активно го предводела и учествувала во надзорот над ревизорските процеси, управувањето со изложеноста на ризици и следењето на усогласеноста со групните и статуторните регулаторни барања, демонстрирајќи високо ниво на професионално расудување, интегритет и силно разбирање на културата на управување со ризици во банкарското деловно опкружување.

  Г-ѓа Зорица Божиновска Лазаревска има изградено истакната професионална кариера во објаста на институционалната контрола и професионалната регулација на ревизорската дејност, стекната преку нејзиниот долгогодишен ангажман како член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, како и преку тековната функција претседател на Надзорниот одбор на Институтот на овластени ревизори. Во рамките на овие функции, таа има дадено директен придонес за зајакнување на регулаторната рамка на ревизорската професија, преку надзор на квалитетот на ревизијата, поддршка на ефикасната примена на меѓународните стандарди, како и унапредување на отчетноста, транспарентноста и корпоративното управување на ревизорските институции на национално ниво.

  Со своите професионални и лични квалитети, таа се потврдува како личност со изразена независност во размислувањето, висок степен на интегритет и јасно изграден, принципиелен пристап кон донесувањето одлуки. Нејзината силна академска основа, надополнета со долгогодишно практично искуство и активна вклученост во реформски процеси поддржани од Европската унија и Светската банка, обезбедува аргументиран, објективен и аналитички заснован придонес во работата и дискусиите на Надзорниот одбор.

  Г-ѓа Божиновска Лазаревска ја извршува функцијата редовен професор во областа на ревизијата на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 2009 година до денес каде што

изведува настава по предметите ревизија, внатрешна ревизија, основи на сметководство, ревизија и уверување, ревизија на измами (fraud audit) и државна ревизија. Во текот на својата академска кариера, таа има извршувано повеќе високи академски и раководни функции, вклучително и продекан за финансии (2005–2010), раководител на катедра (2013–2021) и раководител на докторски студии по економија (2013 – до денес), а од јуни 2023 година е и член на Универзитетскиот сенат. Овие функции ја потврдуваат нејзината продлабочена експертиза во академското управување, финансискиот надзор и институционалното лидерство, што директно ја зајакнува нејзината професионална релевантност и нејзиниот капацитет за суштински и ефективен придонес во извршувањето на надлежностите на Надзорниот одбор.

Таа е доктор на науки во областа на ревизијата, овластен ревизор, поседува магистерска диплома од Економскиот факултет во Белград и има реализирано постдокторски ангажмани на реномирани универзитети во земјите на Европската унија и Соединетите Американски Држави. Нејзиниот академски опус опфаќа повеќе од 100 научни и стручни публикации, како и водење на клучни образовни и истражувачки програми во областа на ревизијата, внатрешната ревизија, финансиското управување и транспарентноста. Овие компетенции директно го поддржуваат мандатот на Надзорниот одбор во делот на стратешкиот надзор, надзорот над управувањето со ризици и воспоставувањето и одржувањето на силни системи на внатрешни контроли.

Преку учество во повеќе од 30 меѓународни проекти (Европска унија, Светска банка – REPARIS, CIPFA, IIA), таа има стекнато значајно меѓународно искуство и темелно познавање на примената на меѓународните стандарди и добрите практики во корпоративното управување, финансиското известување и следењето на прашањата поврзани со одржливото работење.

Кандидатот ги исполнува условите за независност утврдени со домашното банкарско законодавство, Одлуката на Народната банка за добро корпоративно управување, како и со внатрешната рамка за корпоративно управување на Банката. Таа не извршува извршна функција, не поседува квалификувано учество во Банката и не одржува финансиски, деловен или советодавен однос со Банката кој би можел да ја загрози нејзината објективност или да доведе до судир на интереси. Пред нејзиното именување, таа формално поднесе оставка од функцијата член на Одборот за ревизија, со што се обезбеди целосна усогласеност со барањата за независност применливи за членовите на Надзорниот одбор.

Оценката на кандидатката опфати и колективна оценка на соодветноста, при што беше оценето во која мера нејзините стручни компетенции, лични квалитети и професионално однесување соодветно го надополнуваат постојниот состав на Надзорниот одбор и придонесуваат кон ефективна колективна работа. Фокусот на оваа проценка беше насочен кон севкупната способност на

Надзорниот одбор да обезбедува здраво и ефикасно вршење на надзорната функција, да воспоставува и одржува цврста рамка за управување со ризици и целосно да ги извршува своите законски и статутарни надлежности.

Во таа насока Одборот за именување и наградување оцени дека кандидатката поседува соодветни професионални и лични капацитети за успешна интеграција во работата на Надзорниот одбор и за давање значаен и континуиран придонес во неговото функционирање. Нејзиното долгогодишно професионално искуство, зрелоста во областа на корпоративното управување и начинот на професионална комуникација и соработка се очекува да придонесат кон унапредување на конструктивниот дијалог, зајакнување на процесите на донесување одлуки и дополнително засилување на независноста и ефективноста на Надзорниот одбор.

Севкупно земено, професионалниот интегритет на г-ѓа Зорица Божиновска Лазаревска, нејзината обемна експертиза во областа на ревизијата и корпоративното управување, како и нејзиното силно разбирање на ризиците во банкарскиот сектор, ја прават особено соодветен и целосно „fit and proper" кандидат за именување како независен член на Надзорниот одбор.

Во текот на сеопфатниот процес на евалуација не беа утврдени објективни околности кои би можеле да ја доведат во прашање нејзиниот интегритет, независност или соодветност. Напротив, беше утврдено дека таа поседува високо ниво на разбирање на обврските што произлегуваат од функцијата член на Надзорниот одбор, значењето на усогласеноста со регулаторната рамка, како и улогата на Одборот во зачувување на стабилноста, културата на управување со ризици и довербата на засегнатите страни. Исто така, таа ја потврди својата подготвеност да го посвети потребното време и ангажман на функцијата, во согласност со регулаторните очекувања во однос на достапноста и посветеноста.

Се очекува нејзиното именување дополнително да го зајакне целокупниот состав на Надзорниот одбор, преку унапредување на разновидноста на знаења и вештини, родовата застапеност и усогласеноста со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва и меѓународно признатите најдобри практики на корпоративно управување. Ова именување ја потврдува посветеноста на Банката за одржување на силна рамка за корпоративно управување, ефективен надзор и одржливо создавање долгорочна вредност.

Оттука, имајќи го предвид горебразложеното, се предлага Собранието на акционери да ја именува кандидатката г-ѓа Зорица Божиновска Лазаревска за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

Согласно Законот за банките, предложеното именување ќе стапи на сила по добивање на потребната согласност од Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

Банката ќе обезбеди со предложеното именување, составот на Надзорниот одбор да остане целосно усогласен со Статутот на Стопанска банка. Со оглед дека именувањето на дополнителен независен член бара зголемување на вкупниот број на членови на Надзорниот одбор, ќе се пристапи кон измена на Статутот со која бројот на членови ќе се зголеми од седум (7) на осум (8), а бројот на независни членови од два (2) на три (3).

Скопје април, 2026

**НАДЗОРЕН ОДБОР**